Друштво за трговија и услуги
МТЕЛ ДООЕЛ
Бр. 03-1149/1
28.12 2022 год.
СКОПЈЕ

САМОСТОЕН СИНДИКАТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, НАУКА И КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 0301-184/1
28-12-2022 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

## за деловна соработка

**Склучен на ден 28.12.2022 година, во Скопје помеѓу:**

1. **Друштво за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје,** со седиште на ул. Максим Горки бр.11/1-3, Центар, со ЕМБС 7519958 и ЕДБ 4080021599415, застапувано од управителот Марко Лопичиќ (во натамошниот текст **МТЕЛ**)

и

2. **Самостоен синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија,** со седиште на ул. Маџир Маало бр.36, Скопје, со ЕМБС 4264045 и ЕДБ 4030994240332, претставуван од Јаким Неделков, во својство на претседател на СОНК (во натамошниот текст **СОНК**)

Бидејќи:

- СОНК е најголем и единствен репрезентативен синдикат за образование, наука и култура, со преку 25.000 членови;
- МТЕЛ како општествено одговорна организација ги цени вработените во образованието, науката и културата во Република Северна Македонија и има интерес за зголемување на бројот на своите корисници.

Дефиниции

Договорните страни ги договорија дефинициите за следните поими:

➢ Договорни страни се страни кои го склучуваат овој Договор и претставуваат правни лица основани според важечките закони на РСМ.

➢ Синдикална организација е подружница на СОНК во јавна установа од дејноста детска заштита, образование, наука и култура, што ја сочинуваат вработени - членови на СОНК, со свој овластен претставник и своја жиро сметка.

➢ Член на СОНК е физичко лице вработено во јавна установа од дејноста детска заштита, образование, наука и култура, а зачленето во Синдикална организација на СОНК при одредена установа од погоренаведените дејности. Членот на СОНК воедно е и барател на услуги.

➢ Потврда за членство означува Потврда издадена од Синдикалната организација, во која е член барателот на услуги, со која се потврдува дека носителот на Потврдата е член на СОНК.

➢ Фактура претставува сметка за извршена услуга што МТЕЛ му ја дава на членот на СОНК, во која се назначени видот и цената на услугата, како и условите за плаќање.

- Доспевање на фактура го означува последниот ден кога членот на СОНК е должен да го исплати износот на фактурата.

Член 1

Предмет на овој Договор е продажба на услугите на МТЕЛ, по повластени цени на потенцијални корисници - членови на СОНК, под услови и начин определени со овој Договор.

Под услугите на МТЕЛ се подразбираат m:SAT, m:NET, m:CONNECT и m:BOX услугите, кои МТЕЛ ги нуди на пазарот.

Член 2

МТЕЛ се обврзува за членовите на СОНК да важи Специјализирана понуда, која е составен дел на овој Договор и во која е наведена повластената цена на услугите од член 1 на овој Договор.

Корисникот, за времетраење на Претплатничкиот договор, избраната услуга ја плаќа 24 месеци по повластена цена, наведена во Специјализираната понуда.

Член 3

За исполнување на правото за користење на услугите на МТЕЛ по повластени цени, потенцијалниот корисник мора да ги исполни следните услови:

- во моментот на склучување на Претплатничкиот договор да е член на СОНК;
- при поднесување на документација за склучување на Претплатнички договор, корисникот да приложи Административна забрана и Потврда за членство;
- склучениот Претплатнички договор да биде со задолжително минимално времетраење од 24 месеци;
- да потпише соодветна корисничка документација на МТЕЛ.

Во случај на неисполнување на еден или повеќе услови, наведени во ставот 1 од овој член, потенцијалниот корисник не остварува право на повластена цена, но може да склучи Претплатнички договор согласно Општите услови и важечкиот Официјален ценовник на МТЕЛ.

Член 4

Корисникот, своето членство во СОНК го докажува исклучиво со Потврда за членство, заверена со печат и потпишана од страна на овластено лице, која има важност 7 дена од денот на издавање на истата.

Член 5

Синдикалната организација на СОНК, во која е член потенцијалниот корисник, се обврзува дека ќе издаде заверена Потврда во која ќе потврди дека истиот е член на СОНК, ќе ги впише неговите потребни податоци, предвидени во самата Потврда и датумот кога е издадена.

Член 6

Административна забрана е документ – заверен од работодавачот, која се активира и со која се прави задршка од плата на корисникот по 2 (две) последователно неплатени фактури за услугите на МТЕЛ.

МТЕЛ е должен да води листа за неплатени фактури од страна на корисниците, а Синдикалната организација се обврзува да посредува односно доставениот список од страна на МТЕЛ да го проследи до работодавачот.

Врз основа на доставениот список, работодавачот е должен во најкраток можен рок, но не подоцна од 15-тиот ден од тековниот месец да изврши запирање на средства согласно административната забрана на корисникот, за целокупниот заостанат и неподмирен долг на корисникот кон МТЕЛ.

Износот ќе се уплаќа на следната жиро сметка - сопственост на МТЕЛ:

- Број на сметка: 270-0751995801-72
- Банка: Халк Банка АД Скопје

Во случај на промена на жиро сметка на потписниците на овој Договор, страната која ја менува жиро сметката ја известува другата страна во најкраток можен рок, но не подоцна од 15-тиот ден во тековниот месец.

Член 7

Во случај на престанок на работниот однос на корисникот (член на СОНК) или промена на работодавач, истиот ќе продолжи да ги користи услугите на МТЕЛ под истите услови, се до истекот на важечкиот Претплатнички договор односно МТЕЛ ќе продолжи да го наплатува од корисникот преостанатиот дел на фактурите согласно Претплатничкиот договор.

Во случај на престанок на работниот однос на корисникот (член на СОНК) или промена на работодавач, Синдикалната организација е должна во најкраток можен рок, но не подоцна од 10 дена од настанатата промена, да го извести МТЕЛ за истата.

Член 8

Во случај на нередовно и ненавремено плаќање од страна на корисникот, СОНК и Синдикалната организација во која е член корисникот, не сносат никаква одговорност односно немаат никаква обврска за подмирување на неисплатените договорни обврски согласно Претплатничкиот договор.

Единствено одговорен во тој случај би бил корисникот – член на СОНК и против него МТЕЛ може да покрене постапка пред надлежен суд, нотар или орган за присилна наплата на побарувањето.

Член 9

Договорот се склучува на 24 месеци и стапува на сила со денот на негово потпишување од двете страни.

Договорот може да се раскине од било која од страните, со претходно писмено известување со наведување на причините за раскинување на договорот со отказен рок од 30 дена.

Измени и дополнувања на договорот се вршат по писмен пат на предлог на една од договорните страни, со склучување на анекс договор кон основниот договор.

Член 10

Корисниците – членови на СОНК, кои веќе ги користат услугите на МТЕЛ со повластени цени, согласно овој Договор за деловна соработка, ќе продолжат да ги користат под истите услови се до истекот на важечкиот Претплатнички договор и МТЕЛ нема право да ги промени комерцијалните услови на таквиот договор.

Член 11

Во случај на спор, договорните страни ќе се обидат истиот да го решат спогодбено, а во спротивно ќе решава надлежниот Основен суд во Скопје.

Член 12

Овој Договор е составен во 2 (два) еднакви примероци од кои по 1 (еден) за секоја договорна страна.

| | |
|---|---|
| **Друштво за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје** | **Самостоен синдикат за образование, наука и култура на РМ** |
| **Управител,** | **Претседател,** |
| **Марко Лопичиќ** | **Јаким Неделков** |
| м.п. | м.п. |